Институт за истражување и анализа на политики
РОМАЛИТИКО СКОПЈЕ
Institute for Research and Policy Analysis
ROMALITICO SKOPJE
Бр. 0302-33/3
06.03. 2024 год.

**До: Општина Битола**

Бул. 1 Мај бр. 61

7000, Битола

Телефонски броеви

047 208 340

047 238 723

Службени лица

Цветанка Ристевска

076 485 754

контакт e-mail

cvetankam84@gmail.com

contact@bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 08 -03- 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 - | 45 | | |

**Барање**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија бр. 13/ 1.2.2006 год.), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. **Ве молиме да ни одговорите дали дали во новиот усвоен буџет за 2024-та година имате посебно издвоен буџет за Роми или предвидени активности во ромските населби?**

2. **Ве молиме да ни доставите електронска копија од усвоениот буџет на општината за 2024-та година и образложение со предвидени активности.**

3. **Ве молиме да не информирате, дали во новиот усвоен буџет за 2024-та година се инкорпорирани предлозите доставени од Институт за истражување и анализа на политики – Ромалитико? (Прилог 1 – документ со доставени буџетски предлози)**

   **3.1 Доколку некои од предлозите се инкорпорирани, Ве молиме за подетални информации во однос на реализацијата на истите.**

Форма во која се бара информацијата:
а) увид
б) препис

в) фотокопија
***г) електронски запис***
д) друго-----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
а) по пошта
б) телефон
[redacted]
д) друго-----------------------------------------------------------------------
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

**Барател на информацијата:**
[redacted]

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер).

Место: Скопје
Датум 6.3.2024

[redacted]

[redacted]

Бр. 0302-208/6
[redacted] 23 год

[redacted] Institute [redacted] Policy Analysis – Romalitico

[redacted]

ДО:
**Градоначалник на Општина Битола**
**Совет на Општина Битола**

**Предмет: Предлози за буџет на општина Битола 2024**

Почитувани,

Институтот за истражување и анализи на политики – Ромалитико, во рамки на своите проектни активности, во периодот од август до октомври 2023, спроведе мапирање на приоритети на ромската заедница во Вашата општина. Овој процес на идентификација на приоритетите и потребите се заснова врз реалната потреба за подобрување на положбата на ромската заедница на локално ниво.

**Во општина Битола идентификувани се следниве приоритети**:

1. **Асфалтирање на дел од улица „Љубојно" – населба Баир**
2. **Асфалтирање на улица „Караорман" - кај црквата (Петочна вода)**
3. **Реконструкција на улица „Мукос" - Кај борчината**
4. **Поставување на водоводна мрежа на дел од ул. Караорман**
5. **Изградба на детско игралиште/забавен парк во кругот на месната заедница „Димитар Влахов" – Баир**
6. **Расчистување на дивата депонија на улица „Караорман" под мостот**
7. **Чистење на атмосферскиот канал во населба Баир.**

Во насока на реализација на овие приоритети и во интерес на ромската заедница, замолуваме овие идентификувани приоритети да бидат земени предвид во Годишната програма на општината за 2024 и Предлог буџетот на општината за 2024, во рамки на постоечките хоризонтални програми.

За сите дополнителни информации Ви стоиме на располагање на следниов емаил: [redacted]

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за Јавни дејности

Бр.11-45/2
08.03.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-45/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

Прими. 
12.03.2024г.

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија

Битола,12.03.2024 год.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 12-03-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-45/3 | | | |

До
Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Евгенија Чукалева

Предмет: Доставување на информации од јавен карактер

Во однос на првото прашање во новиот усвоен буџет за 2024 година:

- Програмата за образование, издвоени се 200.000 денари за спроведување на туторска настава за најслабите ученици Роми кои се вклучени во 3то, 4то и 5то одделение во основно образование, кои покажуваат низок образовен успех.
- Програма за социјална заштита, издвоени се 340.000 денари за инклузија на ромските деца од социјално загрозените семејства во детските градинки во Битола, Општината обезбедува финансиски средства за нивни превоз и месечен надоместок за градинка.

( Службен гласник на Општина Битола бр.18 од 28.12.2023 година )

Советник за образование
Наташа Ташкова Поповска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 327 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за економски развој

Бр.11-45/4
13.03.2024

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-45/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

Примил: 
13.03.2024.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
14.03.2024
11-45/5

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за економски развој

40 - 62 /1
од 13.03.2024

**До**

**Лице за посредување за при остварување на**
**слободен пристап до информации од Јавен карактер**

Предмет:Одговор на Барање за пристап до информации од Јавен карактер

Врска: Ваш допис бр.11 – 45 / 1 од 13.03.2024 г.

Почитувани.

Во врска Барањето од [redacted]д 06.03.2024 година Ве известуваме:

1.Во Буџетот на Општина Битола за 2024 година имаме издвоено средства предвидени за активности во Ромските населби во Битола.

2.На web страната на Општина Битола достапни се усвоените програми кои се дел до Буџетот за 2024 година.

3.За предлозите побарани од страна на Ромалитико ( предлози од 13.11.2023 година) Ве известуваме:

-Изработена е проектна документација за дел од ул.Љубојно за истата е издадено одобрение за Реконструкција.

-Изработена е проектна документација за дел од улица Караорман (кај црквата Петочна вода), за истата е издадено одобрение за Реконстрикција.

-Изработена е проектна документацијаза улица Мукос (кај борчината), во фаза на одобрување

-Изработена е проектна документација за Водовод и канализација за ул.Караорман (према ободен канал), за истата е издадено одобрение за Реконструкција

-Коловоз на ул.Караорман (дел кон ободен канал) во фаза на изработка.

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за економски развој

За дел од цитираната проектна документација е аплицирано Во Министерство за Транспорт и Врска и Согласно отворениот јавен повик за поднесување на барања за користење на средства од Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2024 година за поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите. Останатиот процентуален дел (финансиски) ќе биде обезбеден од Општина Битола од веќе спомнатита програми.

Со почит

изработил:Митре Атанасовски

раководител на одделение

Венцо Шишкин

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
IV
ОПШТИНА БИТОЛА

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-45/6
14.03.2024

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **08.03.2024 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-45** од **08.03.2024 година**, каде бара информација за тоа дали во новиот усвоен буџет за 2024-та година има посебно издвоен буџет за Роми или предвидени активности во ромските населби.( детален опис во прилог на Решението)

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под број 11-45 на ден 08.03.2024 година. Во барањето наведе дека бара инофрмација за тоа дали во новиот усвоен буџет за 2024-та година има посебно издвоен буџет за Роми или предвидени активности во ромските населби

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-45/1 од - 08.03.2024
2. Допис до Одделение за Јавни дејности со бр. 11-45/2 од 08.03.2024 година
3. Одговор од Одделение за Јавни дејности со бр. 11-45/3 од 14.03.2024 година
4. Допис до Одделение за економски развој со бр. 11-45/4 од 13.03.2024 година
5. Одговор од Одделение за економски развој со бр. 11-45/5 од 14.03.2024 година

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 14.03.2024 година, под бр. 11-45/6

**Службенено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

_______________________

**Евгенија Чукалева**

_______________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА